Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски на ден ___________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден, се определуваат: Општина Илинден, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за наплатна станица Миладиновци, на Коридор 8, КО Миладиновци вон-град, Општина Илинден, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Проектниот опфат ја зафаќа постоечката наплатна станица која се проширува за дополнителна сообраќајна лента, остров за наплата со настрешница и инсталации со цел поставување на нов систем за наплата и фотоволтаици на кровната решетка.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

МИНИСТЕР
БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ

Бр. 67-1628/6
26.05.2023 година
Скопје